СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	01.04.2025 ГОДИНА БРОЈ 5 ГОДИНА 2025 КРИВОГАШТАНИ	Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019 Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ,, бр. 5 /02 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на финансиски средства како помош за настрадaните граѓани во пожарот во Кочани

1. Се прогласува Одлуката за доделување на финансиски средства како помош за настрадaните граѓани во пожарот во Кочани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.03.2025 година.

2. Одлуката за доделување на финансиски средства како помош за настрадaните граѓани во пожарот во Кочани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-487/2
01.04.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.03.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за доделување на финансиски средства како помош за настрадaните граѓани во пожарот во Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства како помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани да исплати сума во износ од 50.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година на сметката на Фондот за солидарност на Црвениот Крст на РСМ.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донесе посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-473/3
27.03.2025 година
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

СОДРЖИНА

на акти донесени на 62-ра седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 27.03.2025 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 01.04.2025 г.

1.Заклучок за прогласување на Одлуката за доделување на финансиски средства како помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.....1

- Одлуката за доделување на финансиски средства како помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.....1

Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
Тираж: 20 примероци